# У П А Т С Т В О
# за примена на Закон за изменување и допонување на Законот за здравствена заштита

## I . НАДОМЕСТОЦИ КОИ СЕ НАПЛАЌАТ ПРИ УВОЗ

### 1. Законски основ

Согласно членот член 32-а од Законот за измена и дополнување Законот за здравствена заштита (Службен весник на Република Македонија бр. 111/05), **пропишани се надоместоци кои ќе се наплатуваат при увоз** и истите ќе започнат да се примаенуваат од **01.01.2006 година.**

### 2. Видови на стоки за кои ќе се наплатуваат надоместоци:

***а) увоз на тутунски производи***

### 3.Обврзници за плаќање на надоместоците

Како обврзници за плаќање на надоместоци при увоз се увозниците (правни лица) на наведените стоки. Надоместокот го наплатува царинскиот орган при наплата на другите увозни давачки, а се уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

### 4. Износ на надоместок кој се наплаќа при увоз на тутунски производи

- Висината на надоместокот што се плаќа при увоз на тутунски преработки изнесува за:
  - **за една** увезена **цигара** што содржи тутун, од тарифните броеви 2402 20 10 00 и 2402 20 90 00, **изнесува <u>0,25 ден/парче</u>**
  - **за една** увезена **пура или цигарилос** што содржи тутун, од тарифната ознака 2402 10 00 00, **изнесува <u>10ден/парче</u>**
  - **за едно** увезено **пакување на тутун за џвакање,** од тарифната ознака 2403 99 10 00 , **изнесува <u>15 ден/ пакување</u>**
  - **за едно** увезено **пакување на тутун за виткање и тутун за луле,** од тарифната ознака 2403 10 10 00 и 2403 10 90 00 , **изнесува <u>15 ден/ пакување</u>**

### 5. Постапки во кои се наплатуваaат овие надоместоци

Надоместокот се наплатува за редовен увоз, при пуштање на стоката во слободен промет.

Наплатата на надоместокот се врши на нето тежината која мора да биде идентична со декларираната количина во единица мерка (рубрика 38=рубрика 41 на ЕЦД).

Надоместокот за наведените стоки кои се увезуваат, влегува во даночната основица за пресметување на ДДВ и истиот се наплаќа при царинење на истите, заедно со пресметаниот износ на увозните давачки, а се уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

**6.Начин на пополнување на рубриките во ЕЦД за увоз**

Кога се пресметува и наплаќа овој надоместок, во првата колона на **рубриката 47** на ЕЦД (единствен царински документ) треба да се запише шифрата "F35". **Надоместокот** преставува дел од вкупниот збир на царинскиот долг искажан во ЕЦД и **се наплаќа на иста сметка** заедно **со другите давачки** кои се наплаќаат при царинењето.

При увозно царинење **надоместокот се плаќа** за производи кои се декларирани **за** редовен увоз и пуштање во слободен увоз со **шифра** за вид на постапка (рубрика 37 на ЕЦД) **"40"**

Одделението за наплата, буџет, гаранции и анализа при Централната управа, собраните средства на име на надоместок ги уплатува на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

**6. Враќање на уплатени надоместоци**

Во случај на извоз на тутунски производи, за кои претходно се платени наведените надоместоци, обврзникот има право на враќање на уплатениот надоместок за извезената количина на производи. Барањето за враќање на платениот надоместок се поднесува до Управата за јавни приходи.